# ИЗБОРНИОТ ИНТЕГРИТЕТ И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРЖАВНИТЕ РЕСУРСИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

Овој документ за јавни политики ја испитува злоупотребата на државните ресурси и нејзините импликации врз демократското владеење и изборниот интегритет на Западен Балкан.

Според дефиницијата на ОБСЕ, злоупотребата на држани ресурси е „несоодветната предност што ја добиваат одредени партии или кандидати, преку користење на нивните официјални позиции или конекции со владини институции, за да влијаат врз исходот на изборите". Односно, незаконско присвојување или неправилно користење на државните средства, фондови, објекти, работен кадар и/или какви било други ресурси за лични, политички или неовластени цели.

## ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Како форма на несоодветно однесување, злоупотребата на државните ресурси ја поткопува транспарентноста, отчетноста и доброто владеење. Ниту еден единствен сет на меѓународни правни стандарди не се посветени за целосно решавање, т.е. не постои универзално прифатена дефиниција за злоупотреба на државните ресурси. Сепак, истото е содржано во различни документи/ политики:

1. **UNCAC:** Криминализира проневера и присвојување од страна на јавни службеници.
2. **Венецијанска комисија (Изборни прашања):** се залага за државна неутралност на изборите и еднакви можности за сите кандидати.
3. **Венецијанска комисија (Политички партии):** Забранува партиите да добиваат јавна помош од властите раководени од нејзините членови.
4. **Венецијанска комисија и насоки на ОБСЕ/ОДИХР:** Забранува злоупотреба на административни ресурси на избори со применливи санкции.
5. **Венецијанска комисија и насоки за медиумите на ОБСЕ/ОДИХР:** Обезбедува непристрасно покривање на изборите од државните/јавните медиуми.
6. **Council of Europe Recommendation Rec (2003):** Обезбедува правична дистрибуција на државната поддршка и ги забранува донациите од субјектите под државна контрола.
7. **Документ на ОБСЕ од Копенхаген:** Инсистира на јасна поделба меѓу државата и политичките партии.
8. **Конвенција на ЗНД за демократски избори:** Забранува кандидатите да ги искористуваат своите службени позиции.
9. **Правна рамка на ОБСЕ/ОДИХР:** Спречува злоупотреба на државните ресурси за кампањи.
10. **Конвенција на Африканската унија:** се осврнува на корупција и злоупотреба на јавните ресурси во Африка.
11. **Меѓуамериканска конвенција против корупција:** се однесува на злоупотребата на јавните ресурси во нејзините земји-членки, со поширок опсег од кодовите на Венецијанската комисија и насоките на ОБСЕ/ОДИХР.

## ПРАВНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА БОРБА СО ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРЖАВНИТЕ РЕСУРСИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Низ Западен Балкан, злоупотребата на државните ресурси за време на изборите останува значајно прашање, што ја поткопува изборната правичност и демократијата и покрај постојните законски рамки.

**Албанија: Злоупотреба на државните ресурси на изборите**

Во Албанија, државните ресурси често се злоупотребуваат за време на избори. Вработените во јавниот сектор се соочуваат со притисок да поддржат одредени кандидати, додека државните институции се

користат за кампања. Купувањето гласови, често преку државни ресурси, е вообичаено. Забележливо е зголемување на јавната работна сила и тендерите пред избори. Бизнисите поврзани со владата и организираниот криминал исто така имаат корист, што влијае на изборниот процес.

**Босна и Херцеговина: Локални избори 2022 година**
На локалните избори во 2022 година во Босна и Херцеговина беа забележани 384 случаи на злоупотреба на државни ресурси во 67 општини.

**Косово: Трендови во злоупотреба на државните ресурси**
Косово доживува помалку распространета злоупотреба на државните ресурси во споредба со другите земји. Сепак, се уште има злоупотреба на ресурсите и притисок врз вработените во јавниот сектор. Правната рамка е неефикасна, бара појасни правила и подобро спроведување.

**Црна Гора: Постојани проблеми**
Во Црна Гора злоупотребата на државните ресурси е константна. Амандманот од 2020 година дозволи купување гласови поврзани со пандемијата. Политички мотивираните вработувања и јавните службени кампањи кои ветуваат просперитет се вообичаени. Инфраструктурните проекти и исплатите на социјалната помош често се користат за изборни придобивки. Блокирањето на претседателската кандидатура од страна на ДИК е пример за институционална злоупотреба.

**Северна Македонија: Набљудувања**
Во Северна Македонија, јавните средства често се пренасочуваат за кампањи, а владините објекти и возила се користат за политички цели. Јавните функционери се впуштаат во партиски активности, а постои значителна медиумска пристрасност што фаворизира одредени партии или кандидати.

**Србија: Практики за кампања**
Во Србија, дистрибуцијата на уверенија за легализација на имотот пред избори и локални проекти темпирани со избори се вообичаена практика. Јавните средства се користат за реклами за кампањи, а вработените во јавниот сектор се често изложени на принуда. Постои забележителна пристрасност во државните медиуми и финансиската поддршка поврзана со успехот на владејачката партија.

## КЛУЧНИ НАОДИ И АКЦИСКИ УВИДИ

Злоупотребата на државните ресурси продолжува да биде широко распространето и неодложно прашање низ Западен Балкан, што бара повеќестран пристап кон ублажувањето и ја нагласува потребата и за регионална соработка и за стратегии специфични за земјата.

1. **Зајакнување на правните и институционалните рамки:** Земјите од Западен Балкан треба да ги зајакнат своите правни и институционални механизми за ефикасно справување со злоупотребата на државните ресурси.
2. **Развивање на насочени стратегии за анти-ЗДР:** Имајќи предвид дека ЗДР е форма на корупција, земјите од Западен Балкан треба да формулираат долгорочни антикорупциски стратегии, вклучувајќи специфичен фокус на спречување на злоупотребата.
3. **Соработка со ГО:** Институциите кои се справуваат со ЗДР треба да соработуваат со граѓанските организации за да ги идентификуваат злоупотребите, да промовираат практики на добро владеење и да развијат стратегии против ЗДР.
4. **4. Соработка помеѓу ГО:** Граѓанските организации специјализирани за набљудување избори и антикорупција треба да имаат поблиска соработка, споделувајќи увиди и добри практики за борба против ЗДР во нивните земји.
5. **Напори за застапување**: Фокусирање на ефективно застапување засновано на докази со клучните засегнати страни, како на основа на секоја земја, така и како регионален напор за застапување.
6. **Спроведување на сеопфатни кампањи за подигање на свеста во повеќе сектори:** Земјите од Западен Балкан треба да спроведат иницијативи за подигање на свеста насочени кон пошироката јавност, државните службеници и новинарите.